Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

[redacted]

Република Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бр.1
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

Архивски број: 11-6342/1

Дата: 21. 12. 2017

ДО: Јавна установа Нациојнален парк Маврово
Маврови Анови

ПРЕДМЕТ: Известување

Почитувани,

Врз основа на Извадокот од Нацрт-записникот од Осумнаесеттата седница на Владата на Република Македонија одржана на 29.3.2017 година на која во точка 3 се препорачува на Јавната установа Национален парк Маврово до Министерството за животна средина и просторно планирање да го достави утврдениот документ за зонирањето на Националниот парк Маврово, кој е подготвен врз основа на политики и стратегии на Република Македонија, научни истражувања, комуникација и коресподенција со засегнати страни како и од одржаната јавна расправа, по што Министертвото за животна средина и просторно планирање се задолжува да го разгледа и прифати доставениот документ за зонирањето на Националниот парк Маврово и за истото да ја информира Владата, со цел продолжување на постапката за репрогласување на Националниот парк Маврово за заштитено подрачје Ве известуваме дека:

Од страна на Јавната установа Национален парк Маврово до Министерството за животна средина и просторно планирање е доставен официјален допис акт бр. 03-746/1 од 22.09.2016 година (наш бр. 11-5894/1) во прилог на кој е доставена Студијата за ревалоризација на заштитеното подрачје Маврово во која меѓудругото е содржано и предвиденото зонирање со цел понатамошно постапување

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009
[redacted]

Република Македо
Министерство за
животна средина
и просторно
планирање

Бул."Гоце Делчев" бр.
1000 Скопје,
Република Македони
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта:
infoeko@moepp.gov.m
Сајт: www. moepp.gov

за донесување на нов акт за репрогласување на заштитеното подрачје Маврово. Во прилог на дописот е доставена и Одлуката за усвојување на Студијата за ревалоризација на заштитеното подрачје Маврово со посебен акцент на зонирањето (акт бр. 02-741/1) донесена од страна на Управниот одбор на Јавната установа Национален парк Маврово.

Согласно Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија“ бр 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16 и 63/16), и заклучокот од горенаведената седница на Владата на РМ, Министерството за животна средина и просторно планирање како орган на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата треба да спроведе јавна расправа по однос на предлогот за репрогласување на заштитеното подрачје Маврово.

Со оглед на фактот дека јавната расправа се спроведува на подрачјето на општината на чијашто територија се наоѓа заштитеното подрачје, Ве известуваме дека Јавната установа Национален парк Маврово како субјект задолжен за управување и заштита на ова заштитено подрачје во соработка со Министервото за животна средина и просторно планирање треба да ги преземе сите мерки и активности за организирање и спроведување на јавната расправа на која сите учесници можат да ги доставаат своите забелешки по предлогот за репрогласување на заштитеното подрачје.

Изготвил: Смиљка Тенева
Сашко Јорданов

Контролирал: Влатко Трпески

Одобрил: Билјана Зефиќ
в.д. Директор на Управа за животна средина

МИНИСТЕР
Sadulla Duraki